Бр. 02 - 654/21
31.5.2022 година
Скопје

Врз основа на член 1, точка 11 од Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот од 2020 до 2023 година бр. 02 - 271/22 од 20.2.2020 година и бр. 02-100/7 од 22.1/2020 година (Универзитетски гласник бр. 498/2020, бр. 535/2021). Универзитетскиот сенат, на 21. седница одржана на 31.5.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување стипендии на студентите на**
**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделуваат стипенидии за студенти запишани во прва година на прв циклус студии на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), во учебната 2022/2023 година.

Средствата за оваа намена се утврдени во Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот од 2020 до 2023 година бр. 02 - 271/22 од 20.2.2019 година (Универзитетски гласник бр. 498/2020, бр. 535/2021).

**Член 2**

Бројот на стипендиите за учебната 2022/2023 година на Универзитетот изнесува 240 стипендии, распоредени по 10 за секој факултет.

Износот на секоја стипендија е во висина на партиципацијата утврдена со Конкурсот за соодветниот факултет, односно за студиската програма.

Стипендиите се доделуваат само за учебната 2022/2023 година, односно еднократно со намена - уплата на партиципација во трошоците за студирање, доколку се обезбедат средства за таа намена.

**Член 3**

Стипендиите им се доделуваат на првите 10 кандидати на ранг-листата, примени во категоријата редовни студенти во државна квота на факултетот, во прва година во учебната 2022/2023 година.

**Член 4**

Доколку на ранг-листата на запишани студенти за сите студиски програми има повеќе студенти со ист постигнат успех од бројот на стипендиите што се доделуваат, бројот на стипендиите соодветно се зголемува.

За спроведување на постапката за доделување стипендии, единиците формираат комисија.

Комисиите утврдуваат ранг-листа на добитници на стипендија и ја доставуваат до ректорот, кој донесува конечна одлука за доделување стипендии.